# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 8.2.2019 год.<br>Скопје<br>Број 2 год. XIV | Претплатата за 2017 год. изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |

www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


февруари, 2019 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Заклучок по Информација за добивање грант за аплицирање на проектот „Зајакнување на општинските совети", со Решение за објавување ........................................................................... 1 - 3

- Одлука за прифаќање на движни ствари на трајно користење, со Решение за објавување ......................................................... 4 - 6

- Одлука за прифаќање движни ствари на трајно користење (прочистувачи на воздух) , со Решение за објавување ...................... 7 - 8

- Заклучок по Извештајот за работењето на КК „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година, со Решение за објавување ................................................................ 9 - 10

- Одлука за давање согласност на Финансискиот план на Кошаркарскиот клуб „Работнички" АД Скопје за 2019 година, со Решение за објавување ............................................................ 11 - 12

- Одлука за доделување парични средства на Љубомир Зивчевиќ заради штета настаната од невреме, со Решение за објавување ........ 13 - 14

- Одлука по Квартални от извештај за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 1.1.2018 година до 31.12.2019 година, со Решение за објавување ......................................................................... 15 - 16

- Одлука за отпис на основни средства и побарувања по основ на присилно отстранување на времени објекти (урбана опрема), со Решение за објавување ............................................................. 17 - 20

- Одлука за финансиско учество на Општина Центар-Скопје за реализирање на проектот „Реконструкција на коловоз за улица Рилски Конгрес, локалитет Тасино Чешмиче, Општина Центар, Скопје, со Решение за објавување ............................................................. 21 - 22

---

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" Б.Б.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот по Информацијата за добивање грант по аплицирањето на проектот „Зајакнување на општинските совети"**

Се објавува Заклучокот по Информацијата за добивање грант по аплицирањето на проектот „Зајакнување на општинските совети",

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 24. седница, одржана на 7.2.2019 година.

Бр. 09-459/3
7.2.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 24. седница, одржана на 7.2.2019 година, расправаше по Информацијата за добивање гранд по аплицирањето на проектот „Зајакнување на општинските совети" и донесе

**З А К Л У Ч О К**
**по Информацијата за добивање грант по аплицирањето на проектот „Зајакнување на општинските совети"**

1. Се усвојува Информацијата за добивање грант добиен по апликацијата на УНДП, а обезбеден од Швајцарската агенција за развој по аплицирањето на проектот „Зајакнување на општинските совети".

2. Компонентите на проектот се:

а. **Компонента 1:** Зајакнување преку развивање на капацитетите на советниците врз основа на традиционални и иновативни методологии;
б. **Компонента 2:** Зајакнување преку финансиска поддршка (мали грантови) за приоритетни мерки на општините што се избрани преку јавни консултации;
в. **Компонента 3:** Зајакнување преку вмрежување.

3. Членовите на Советот на Општина Центар-Скопје имаат можност да учествуваат во сите три компоненти за реализација на проектот и тоа:
а. Да учествуваат во програмата за развој на капацитетите на советниците (спроведување на циклус на обуки од 11 модули), а по добивање на термински план за обуки;
б. Да изразат интерес и да ги следат обуките за развој на капацитетите на општинскиот совет преку учество во предавања, вежби, настани, семинари и конференции;
в. Развивање и користење на е-платформа за учење.

4. Обврска на Општината, во согласност со договорот со УНДП, е обезбедување:

а. Пријави од минимум 60% од членовите на Советот;

б. Редовно ажурирање на е-контролна табла со доставување на финансиски податоци;
в. Спроведување на механизми за учество на граѓаните во изборот на приоритетни проекти со организирање на форуми на заедницата;
г. Финансиски надоместок за лиценцирани модератори на форумите.

5. Заклучокот стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-459/2
7.2.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прифаќање на движни ствари на трајно користење**

Се објавува Одлуката за прифаќање на движни ствари на трајно користење,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 24. седница, одржана на 7.2.2019 година.

Бр. 09-459/5
7.2.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15) и Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар-Скопје бр. 44-11423/8-18 од 22.1.2019 година, донесена од Владата на Република Македонија, Советот на Општина Центар-Скопје на 24. седница, одржана на 7.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на**
**движни ствари на трајно користење**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ги прифаќа на трајно користење движните ствари што се наменети за интервенција при настанување на елементарна непогода, во количини што се наведени во табелата:

| | Назив на движната ствар | Количина |
|---|---|---|
| 1. | Ветровка за цивилна заштита - машка | 80 |
| 2. | Одело за цивилна заштита - машко | 50 |
| 3. | Кошули за цивилна заштита | 76 |
| 4. | Чевли заштитни - машки | 69 |
| 5. | Панталони за цивилна заштита - машки | 31 |
| 6. | Блуза за цивилна заштита - машка | 22 |
| 7. | Ветровка за цивилна заштита - женска | 41 |
| 8. | Одело за цивилна заштита - женско | 26 |
| 9. | Кошули за цивилна заштита - женски | 43 |
| 10. | Чевли заштитни - женски | 37 |
| 11. | Панталони за цивилна заштита - женски | 5 |
| 12. | Блуза за цивилна заштита - женска | 5 |
| 13. | Чанта | 122 |
| 14. | Капа | 118 |

**Член 2**

Општина Центар-Скопје ќе овозможи движните ствари што се наведени во член 1 од оваа Одлука да се користат строго наменски, исклучително за интервенција при настанување на елементарни непогоди.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот да го потпише Договорот за уредување на правата и на обврските за движните ствари со директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за правни и организациони работи да ја реализира оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-459/4<br>7.2.2019 година<br>С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје<br>Претседател<br>Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прифаќање движни ствари (прочистувачи на воздух) на трајно користење**

Се објавува Одлуката за прифаќање движни ствари (прочистувачи на воздух) на трајно користење,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 24. седница, одржана на 7.2.2019 година.

Бр. 09-459/7
7.2.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15) и Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар-Скопје бр. 44-9785/9 од 11.12.2018 година, донесена од Владата на Република Македонија, Советот на Општина Центар-Скопје на 24. седница, одржана на 7.2.2019 година, донесе

# О Д Л У К А
## за прифаќање движни ствари (прочистувачи на воздух) на трајно користење

### Член 1

Општина Центар-Скопје ги прифаќа на трајно користење движните ствари (17 уреди за прочистување на воздухот за квадратура до 45 $м^2$ и до 90 $м^2$) од Министерството за животна средина и просторно планирање што ќе бидат наменети за детските градинки на Општина Центар-Скопје.

Прочистувачите на воздух ќе се распределат на следниов начин: пет (5) прочистувачи на воздух за Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје, три (3) прочистувачи на воздух за Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје и девет (9) прочистувачи на воздух за Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје.

### Член 2

Се овластува Градоначалникот да ги потпише договорите за давање на движни ствари (прочистувачи на воздух) на трајно користење со Министерството за животна средина и просторно планирање.

### Член 3

Се задолжува Секторот за јавни дејности да ја реализира оваа Одлука.

### Член 4

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-459/6
7.2.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот по Извештајот за работењето на КК „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година**

Се објавува Заклучокот по Извештајот за работењето на КК „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 24. седница, одржана на 7.2.2019 година.

Бр. 09-459/9
7.2.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 24. седница, одржана на 7.2.2019 година, расправаше по Извештајот за работата на КК „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година и донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**по Извештајот за работењето на КК „Работнички" АД Скопје**
**за период од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за работењето на КК „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година.

2. Заклучокот да се достави до КК „Работнички" АД Скопје.

3. Овој Заклучок стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-459/8
7.2.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Кошаркарскиот клуб „Работнички“ АД Скопје за 2019 година**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Кошаркарскиот клуб „Работнички“ АД Скопје за 2019 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 24. седница, одржана на 7.2.2019 година.

Бр. 09-459/11
7.2.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на 24. седница, одржана на 7.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Финансискиот план на Кошаркарскиот клуб „Работнички“ АД Скопје за 2019 година**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Финансискиот план на Кошаркарскиот клуб „Работнички“ АД Скопје за 2019 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Кошаркарскиот клуб „Работнички“ АД Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-459/10
7.2.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за доделување парични средства на Љубомир Зивчевиќ заради штета настаната од невреме**

Се објавува Одлуката за доделување парични средства на Љубомир Зивчевиќ заради штета настаната од невреме,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 24. седница, одржана на 7.2.2019 година.

Бр. 09-459/13
7.2.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на 24. седница, одржана на 7.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување парични средства на Љубомир Зивчевиќ**
**заради штета настаната од невреме**

**Член 1**

На Љубомир Зивчевиќ му се доделуваат парични средства во износ од 80.000,00 денари за штета настаната од невреме.

**Член 2**

Општина Центар-Скопје ќе ги исплати средствата од член 1 на оваа Одлука од Буџетот на Општината за 2019 година.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-459/12
7.2.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката по Квартланиот извештај за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година**

Се објавува Одлуката по Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 24. седница, одржана на 7.2.2019 година.

Бр. 09-459/15
7.2.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на 24. седница, одржана на 7.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**по Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година.

2. Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-459/14
7.2.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за отпис на основни средства и побарувања по основа на присилно отстранување на времени објекти (урбана опрема)**

Се објавува Одлуката за отпис на основни средства и побарувања по основа на присилно отстранување на времени објекти (урбана опрема),

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 24. седница, одржана на 7.2.2019 година.

Бр. 09-459/17
7.2.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на членовите 34 и 35 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на РМ" бр. 28/03), член 26 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Центар-Скопје, во согласност со предлозите за отпис на основни средства од Комисијата за годишен попис на средства, побарувања и обврски на органите на Општина Центар-Скопје за 2018 година, Советот на Општина Центар-Скопје на 24. седница, одржана на 7.2.2019 година, донесе

# О Д Л У К А
## за отпис на основни средства и побарувања по основа на присилно отстранување на времени објекти (урбана опрема)

### Член 1

Се врши отпис на основни средства и тоа:

| Ред. бр. | Шифра | Назив на основното средство | Набавна вредност | Амортизациј а вкупна | Сегашна вредност | Година на набавка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 001708 | ПОДВИЖ.ВРТ.СТОЛ СО ПОТПИРАЧ | 11.053,00 | 10.610,00 | 442,00 | 2010 |
| 2 | 000833 | ПРИНТЕР ЛАСЕР ХЕТ 1018 | 10.923,00 | 10.923,00 | 0 | 2006 |
| 3 | 002081 | ФОТЕЛЈА СО ПОТПИРАЧ ЗА РАКА РЕЈ | 4.532,00 | 3.399,00 | 1.133,00 | 2012 |
| 4 | 002309 | КЛИМА-УРЕД СПЛИТ 5 КВ | 29.913,00 | 19.144,00 | 10.769,00 | 2014 |
| 5 | 001647 | МИДЕА СТРИМЛАЈН МСМ3-09 | 15.287,00 | 15.287,00 | 0 | 2010 |
| 6 | 000855 | КЛИМА-УРЕД АС 0С ХП4НМ | 29.777,00 | 29.777,00 | 0 | 2007 |
| 7 | 001604 | КОМПЈУТЕРИ СО МАУС И ТАСТАТ. | 46.488,00 | 46.488,00 | 0 | 2010 |
| 8 | 001609 | КОМПЈУТЕРИ СО МАУС И ТАСТАТ. | 46.488,00 | 46.488,00 | 0 | 2010 |
| 9 | 001616 | КОМПЈУТЕРИ СО МАУС И ТАСТАТ. | 46.488,00 | 46.488,00 | 0 | 2010 |
| 10 | 001617 | КОМПЈУТЕРИ СО МАУС И ТАСТАТ. | 46.488,00 | 46.488,00 | 0 | 2010 |
| 12 | 000244 | СТОЛОВИ ТАПЕТИРАНИ | 4 | 4 | 0 | 1986 |
| 13 | 000245 | СТОЛОВИ ТАПЕТИРАНИ | 4 | 4 | 0 | 1986 |
| | | **ВКУПНО:** | **287.445,00** | **275.100,00** | **12.344,00** | |

# Побарувања по основа на присилно отстранување на времени објекти (урбана опрема)

| Ред. бр. | Комитент | Година на настанато побарување | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | Ливинг Рум | ф-ра бр.28п 2007 | 1.004,00 |
| 2 | Космик кафе-бар | 2009 | 1.321,00 |
| 3 | Мурат Емил | 2009 | 4.368,00 |
| 4 | Красники Ферди | 2009 | 4.368,00 |
| 5 | Димитриевски Зоран | 2009 | 5.701,00 |
| 6 | Дебарлиев Ивица | 2009 | 7.052,00 |
| 7 | Кафе-бар СЕГАФРЕДО | 2007 | 9.927,00 |
| 8 | Зафировски Снежана | 2009 | 11.113,00 |
| 9 | Иљази Рефик | 2009 | 20.624,00 |
| 10 | Под Стара Липа | 2010 | 40.811,00 |
| 11 | Топузовски Златко | 2010 | 41.279,00 |
| 12 | МАР МАР | 2010 | 41.497,00 |
| 13 | Арсовски Томислав | 2010 | 46.904,00 |
| 14 | Марковска Пенка | 2010 | 51.028,00 |
| 15 | Елха Искра | 2009 | 51.549,00 |
| 16 | З.У.С. | 04-п / 2011 | 66.894,00 |
| 17 | Скара 7-Ресторан | 2010 | 68.237,00 |
| 18 | Ало Ало | ф-ра бр.2п 2011 | 70.388,00 |
| 19 | Димовски Љубе | 2010 | 71.478,00 |
| 20 | Кенан Зекири | 02-п / 2012 | 71.602,00 |
| 21 | Радовиќ Станко | 2010 | 72.735,00 |
| 22 | Арсовски Љупчо | 2010 | 75.588,00 |
| 23 | Мусли Џенгис | 02-п / 2011 | 85.445,00 |
| 24 | Кафе Опиум | ф-ра бр.6п,41п 2007 | 106.112,00 |
| 25 | Велковски Славко | 2009 | 106.373,00 |
| 26 | Рамазан Сеат | 09-п / 2011 | 136.294,00 |
| 27 | Југоопрема | 2010 | 168.119,00 |
| 28 | Министерство за локална самоуправа | пред 2008 | 966.613,00 |
| | | **Вкупно:** | **2.404.424,00** |

**Член 2**

Одлуката да се достави до Градоначалникот на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-459/16
7.2.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за финансиско учество на Општина Центар-Скопје во реализирањето на проектот „Реконструкција на коловозот на улицата 'Рилски конгрес', локалитет Тасино Чешмиче, Општина Центар-Скопје"**

Се објавува Одлуката за финансиско учество на Општина Центар-Скопје во реализирањето на проектот „Реконструкција на коловозот на улицата 'Рилски конгрес', локалитет Тасино Чешмиче, Општина Центар-Скопје",

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 24. седница, одржана на 7.2.2019 година.

Бр. 09-459/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
7.2.2019 година на Општина Центар-Скопје
С к о п ј е Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на 24. седница, одржана на 7.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за финансиско учество на Општина Центар-Скопје во реализирањето на проектот „Реконструкција на коловозот на улицата 'Рилски конгрес', локалитет Тасино Чешмиче, Општина Центар-Скопје"**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје учествува со финансиски средства во износ од 537.171,00 денари, што претставува 10% од средствата во износ од 5.371.710,46 денари, наменети за реализација на проектот „Реконструкција на коловозот на улицата 'Рилски конгрес', локалитет Тасино Чешмиче, Општина Центар-Скопје".

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2019 година и Планот на Програма за развој за период 2019-2021 година на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-459/18
7.2.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.